# ХЕРПЕС ЗОСТЕР (SHINGLES) И ВАКЦИНАЦИЈА

## Како херпес зостерот влијае на мене?

- Инфекцијата херпес зостер предизвикува болен осип или меурчиња на една страна од лицето или телото.
- Се јавува кога вирусот што предизвикува варичела (овчи сипаници) повторно ќе се активира.
- Веројатноста за појава на херпес зостер е поголема кај постари лица. Секое второ лице кое ќе доживее 85 години ќе добие херпес зостер.
- Осипот обично исчезнува по 15 дена.
- Понекогаш осипот може да ги зафати очите и може да доведе до слепило.
- Кај најмногу секое петто лице ќе се појави многу силна болка на нервите на местото на осипот. Оваа болка може да трае повеќе од 3 месеци. Болката тешко се лекува.
- Кај лицата на возраст над 70 години постои поголема веројатност да имаат силна болка по инфекција со херпес зостер.

## Како помага вакцината против херпес зостер?

- Вакцината ќе ве заштити од херпес зостер. Приближно 9 од 10 постари лица нема да добијат херпес зостер ако се вакцинираат.
- Ако, откако сте се вакцинирале, сепак добиете херпес зостер, многу е мала веројатноста дека ќе имате силна болка на нервите.

## Која вакцина против херпес зостер се користи сега?

- Shingrix е вакцината што се користи сега.
- Повеќе не се дава вакцината Zostavax.

## Кога можам да ја примам вакцината Shingrix?

- Треба да ја примите вакцината Shingrix откако ќе наполните 65 години.
- Вакцината треба да ја примите двапати.

## Кои се вообичаените несакани ефекти од вакцината Shingrix?

- Кај 8 од 10 лица може да се појави оток, црвенило или болка на местото каде што е ставена инјекцијата.
- 6 од 10 лица може да имаат треска, замор, повраќање, главоболка, тресење или болка во мускулите.
- Овие несакани ефекти ќе исчезнат сами по себе по 2 до 3 дена.
- За намалување на болката, треската, главоболката или болката во мускулите може да помогне парацетамол.

**SHINGLES INFECTION AND VACCINATION - Macedonian**
Produced By South Eastern Sydney Public Health Unit
02 9382 8333
August 2024

## Дали треба да ја примам вакцината Shingrix ако претходно сум ја примил/а вакцината Zostavax?

- Да. Вакцината Shingrix ви дава поголема заштита која трае подолго време.
- Мора да почекате да поминат 12 месеци откако сте ја примиле вакцината Zostavax пред да се вакцинирате со Shingrix.

## Дали треба да ја примам вакцината Shingrix ако веќе сум имал/а херпес зостер?

- Да. Можете повторно да добиете херпес зостер. Најмногу едно од 20 лица повторно ќе добие херпес зостер.
- Почекајте 12 месеци откако ќе заздравите од херпес зостер пред да ја примите вакцината.

## Дали треба да ја примам вакцината Shingrix ако никогаш не сум имал/а варичела?

- Да. Безбедно е да ја примите вакцината дури и ако не се сеќавате дека сте имале варичела.

## Каде можам да најдам повеќе информации?

- Разговарајте со вашиот доктор по општа пракса (GP).
- Исто така се достапни често поставувани прашања за вакцината против херпес зостер (само на англиски јазик) – ве молиме скенирајте го QR-кодот: